Enveo Therm

## ЕЛАСТИЧНОСТ ЗА МАКСИМУМ РЕЗУЛТАТИ

# EnveoPutz Premium Silicon

ПРЕМИУМ СИЛИКОНСКИ МАЛТЕР, ЛЕСЕН ЗА НАНЕСУВАЊЕ, ВИСОКО ФЛЕКСИБИЛЕН И ВОДООТПОРЕН, ШТО ОВОЗМОЖУВА ФАСАДАТА ПОЛЕСНО ДА ГИ ИЗДРЖИ СИТЕ ВРЕМЕНСКИ УСЛОВИ

EnveoPutz Premium Silicon е силиконски завршен малтер наменет за декорација и заштита на фасадни површини. Поради високата еластичност и високата вододбојност ја намалува можноста за појава на микропукнатини на фасадата и негативни влијаниа од влага. Достапен е во голем број нијанси по Enveo тон карта.

**Предности на производот:**

- Изразена еластичност и отпорност на пукнатини
- Висока паропропусност
- Висока вододобојност

## *Употреба*

EnveoPutz Premium Silicon е дел од фасаден систем со EPS и камена волна. Нијансите со HBW индекс помал од 30% се користат исклучиво за мали површини, како бордури околу прозорци, врати и други отвори.




weber SAINT-GOBAIN

SAINT-GOBAIN

Enveo Therm weber SAINT-GOBAIN

# EnveoPutz Premium Silicon

## Класификација на производот

V2-W2-0,3Mpa-λ=0,78W/(m*K)- A2s1-d0

EN 15824:2009

Противпожарна заштита: EN13501-1:2019

## Подготовка на подлогата:

Подлогата на која се нанесува производот мора да биде чиста, цврста, сува, без дамки од маснотии и масло, носива и без делови кои се одовојуваат. Малтерот може да се нанесува на подлога на база на вар и цемент, претходно на подлогата мора да биде нанесена подлога EnveoGrund. Цементно-варовите малтери и бетони мора да бидат стари најмалку еден месец со остаток на влага ≤ 2%. Недоволно носивите премази и делови кои се одвојуваат, со вода растворете премаз (при перење на целата површина) потполно отстранете ги и санирајте со соодветен материјал. Контаминираните површини со мувла и алги потребно е да се исперат со топла вода и да се дезинфицираат со адекватно средство.

## Подготовка и вградување на производот

1. Минимално 24h пред нанесување на фасадниот малтер на површината се нанесува основна подлога EnveoGrund со цел да се подобри прилепливоста, регулирање на водовпивливоста, подобрување на водоотпорноста и отвореното време за обработка на малтерот. Подлогата мора да биде тонирана во иста нијанса како и фасадниот малтер.
2. EnveoPutz Premium Silicon пред употреба добро се промешува до дното, секоја канта поединечно а потоа материјалот мора да се хомогенизира од различни пакувања во еден голем сад, со цел изедначување на нијансата (егализација). За подобрување на конзистенција на малтерот по потреба се додава чиста вода максимум 250ml на 25kg производ. По додавањето на вода, додавање пигмент не е дозволено.
3. Фасадниот малтер се нанесува со челична глетарица во дебелина на зрното. Правилно нанесен малтер се обработува со PVC или метална глетарица со благ притисок на површината со кружни или праволиниски движења во зависност од структурата и саканиот изглед. Наносот и обработката на малтерот се прави во континуитет за површината да изгледа изедначено. За успешна изведба неопходно е да се синхронизира бројот на апликатори во одност на катноста на објектот и површината, за да споевите на материјалот бидат изведени влажно на влажно и незабележливи по завршувањето на нанесувањето.
4. Фасадниот систем мора да биде обезбеден со окапници за да се постигне целосна заштита од навлегување и слевање на вода по површината. Производот не се употребува на хоризонтални површини каде може да дојде до задржување на нечистотии, вода и снег.
5. При вградување и сушење температурата на подлогата и воздухот мора да изнесува помеѓу 5°C и 30°C. Нанесениот материјал мора да се заштити од сончеви зраци, ветер и дожд најмалку 24 часа, по што се постигнува отпорност на атмосферски влијания. Препорачана метода за заштита е поставување заштитна мрежа но може да не биде доволна доколку наведените влијания се со јак интензитет. Доколку временските услови не се во склад со наведените, потребно е постапката за изведба да се одложи и да се почека до нормализирање на оптималните условите за работа.

* сите наведени параметри се однесуваат на стандардни временски услови: температура 20°C, релативна влажност на воздухот до 65%.

SAINT-GOBAIN

Производувачот препорачува пред почетокот на работата да се направат мали, пробни, површини поради проверка дали производот/подлогата се правилно подготвени и дали се обезбедени соодветни услови за употреба и вградување. Доколку не се, ве замолуваме да прекинете со работа и да се обратите кај претставник од компанијата Saint-Gobain. Компанијата не прифаќа одговорност за неправилна изведба со наведениот материјал како и користење на материјалите за работи кои не се наведени во описот на производот. Рекламации по завршувањето на изведбата на работите не се прифаќаат.

## Алат за работа

За мешање: електричен миксер
За нанесување и обработка: челична и пластична глетарица

## Потрошувачка на производот

Околу 2,5-3,5 kg/m$^2$ во зависност од гранулацијата и видот на фасадата.

## Чување, складирање и транспорт

EnveoPutz Premium Silicon мора да биде складишен во оригинално, неоштетено пакување, на цврсти и исправни палети, во сува просторија, без директна изложеност на снег, дожд, град или сонце, заштитен од мраз во затворен или покриен простор.

Производот не е опасен за транспорт според сите национални и меѓународни сообраќајни прописи. При транспорт, производот мора да се заштити од атмосферски влијаниа. Производот се транспортира и складира на температури од +5°C до +30°C.

## Безбедност на производот



Внимание
Опасни состојки на смесата:
2-methyl-2H-isothiazol-3-one 1,2-benzizotiazol-3(2H)-on реакциона смеса: 5-hlor-2-metil-4-izotiazolin-3-ona [EC br.. 247-500-7] i 2-metil-2H-izotiazol-3-ona [EC br.. 220-239-6] (3:1)
Може да предизвика алергиски реакции на кожата.

Доколку е потребен медицински совет, земете го со себе пакувањето или етикетата на производот. Да се чува подалеку од дофат на деца. Прочитајте внимателно и следете ги сите упатства. Избегнувајте вдишување на спрејот. Избегнувајте вдишување на прашина / чад / гас / магла / пареа / спреј. Носете заштитни ракавици. Отстранете ја контаминираната облека и измијте ја пред повторна употреба. Ако се појави иритација или осип на кожата: Побарајте медицински совет/набљудување. Специфичен третман (видете на оваа етикета). Отстранување на содржината и пакувањето во согласност со прописите на РС.

Enveo Therm

weber SAINT-GOBAIN

# EnveoPutz Premium Silicon

## Технички карактериситки на производот

Боја на производот: EnveoPutz Premium Silicon е фасаден малтер во бела боја, може да се тонира по Enveo тон карта.

Пакување: пластична канта 25kg, 600kg на палета.

Рок на траење: 12 месеци од датумот на производство втиснат на кантата.

Детални информаци за производот, дополнителна документација и безбедносен лист, можете да пронајдете на официјалната интернет страница www.saint-gobain.mk

## Чистење

Остатоците од свеж материјал од алатот се чистат со свежа вода. Стврднат производ мора да се отстрани механички

## Екологија

Неупотребен производ и празно пакување не се фрла надвор од предвидени локациии за отпад. За дополнителни информации погледнете го безбедносниот лист на производот.

## Ограничувања на производот

Фасадниот малтер EnveoPutz Premium Silicon не смее да се користи во следниве ситуации:

- на дрвени и метални површини
- за нанесување во повеќе слоеви и преку постоечки завршен малтер
- при температура на складирање, транспорт, нанесување и сушење на температури пониски од +5°C и повисоки од +30°C
- на подлоги кои содржат нечистотии и влага
- на хоризонтални и површини кои се газат и кровни површини

## Начин на одложување на отпадот:

Одложувањето на содржината и амбалажата е во склад со локалните прописи. Одвоено се одложува амбалажата и неупотребениот материјал. Не смее да се отстранува во канализација. Не смее да се одлложува заедно со кућниот отпад.

## Земја на потекло и производител

Земја на потекло: Република Унгарија

Производител: Saint-Gobain Hungary Kft.
2085 Pilisvörösvár, Bécsi út 07% hrsz
Hungary
Telefón: +36 26 567 600
E-mail: info@hu.weber

SAINT-GOBAIN

**SAINT-GOBAIN CONSTRUCTION PRODUCTS**
**REPRESENTATIVE OFFICE MACEDONIA**
Kocho Bitoljanu, 2V, Gazi Baba
Skopje, North Macedonia
Tel.: +289 2 2443494
info.mk@saint-gobain.com
**www.testisthebest.com**

Техничките информации и препораки дадени овде се засноваат на нашето знаење и искуство кога производот е правилно складиран, користен, транспортиран и ракуван во нормални услови. Го советуваме купувачот, односно корисникот на производот, прво да тестира дали производот е погоден за употреба за неговата намена. Со оглед на фактот дека немаме никакво влијание врз околностите на употреба и ракување со производот, не сме одговорни за последиците што произлегуваат од неправилна употреба. Купувачот, односно корисникот на производот е одговорен во случај производот да се складира, транспортира, да се вгради и користи спротивно на упатствата, целта и својствата и информациите за безбедноста на производот, како и по посочен период на употреба на производот. Нашиот тим од искусни експерти дава совети во фазите на планирање и имплементација на нашите производи. На барање може да се организира посета на градилиштето и демонстрација на примената на нашите производи. Контактирајте го нашиот технички тим и дознајте повеќе за нашите производи на веб-страницата www.saint-gobain.mk. Овој технички лист важи од 01.03.2025 година и ги заменува сите претходни верзии за овој производ.

weber
SAINT-GOBAIN



# ЕЛАСТИЧНОСТ ЗА МАКСИМУМ РЕЗУЛТАТИ

**EnveoPutz Premium Silicon**
е високофлексибилен малтер кој има одлични водоотпорни својства и одлична паропропустливост.
**www.testisthebest.com**




Enveo Therm